USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

AgBiz Program

# Пазарни информации за преработки од зеленчук

# Билтен

**Број 4, март 2010**

## Во овој број

**Стр. 1** Постигнувањата на АгБиз во поддршката на ланец на вредности на преработки од зеленчук

**Стр. 2** Македонската асоцијација на преработувачи, партнер на АгБиз

Унапредување на врските меѓу фирмите за преработка на зеленчук и нивните примарни производители

**Стр. 3** Пазарни информации за извозот на преработки од зеленчук од Македонија

Македонските извозници изложуваа преработки од зеленчук на најголемиот светски трговски саем за храна

**Стр. 4** Македонски извозници на преработки од зеленчук во посета на Чешката Република

Преглед на вертикалното поврзување во ланците на вредности на АгБиз

Значајни настани



Македонски ајвар



Печени пиперки

## Постигнувањата на АгБиз во поддршката на ланец на вредности на преработки од зеленчук

Ланецот на вредност на преработки од зеленчук игра важна улога во македонскиот агробизнис. Индустријата значително е ориентирана кон извоз, во последната декада континуирано го зголемува производството и вредноста на извозот и истата бара многу труд. Ланецот на вредност се состои од околу 55 фирми, а повеќето учесници во ланецот произведуваат финални производи амбалажирани во стаклени тегли, но и во метална и пластична амбалажа. Неколку од нив имаат и капацитети за сушење и/или замрзнување, а останатите имаат комбинирани производни линии. Поголемиот дел од учесниците во ланецот се микро и мали претпријатија. Во 2008, преработувачката индустрија откупи 68.300 тони зеленчук (или 91% од вкупниот откуп) и 6.800 тони овошје (или 9%). Црвената пиперка е најважната суровина за оваа индустрија, и претставува речиси 50% од вкупната набавена суровина, односно 34.500 тони во 2008. Помеѓу 2003 и 2008, преработувачката индустрија континуирано го зголемуваше производството, главно како резултат на зголемената побарувачка за македонските преработки од зеленчук кај странските купувачи, како и на растот на домашниот пазар поради силната пенетрација на малопродажни ланци и промената на животниот стил на локалното население, кое сега почесто ги купува производите од пиперки наместо самите да ги подготвуваат во домашни услови.

Програмата АгБиз на УСАИД има поддржано 46 различни клиенти во ланецот на вредности преку обезбедување на различни подобрувања на извозната конкурентност, меѓу кои 1) студиска посета на "Tutto Food" во Италија, за да се зголемат познавањата на учесниците за пазарните барања на ЕУ во врска со амбалажата, квалитетот, етикетирањето и стандардите за безбедност на храната; во Бугарија, за учесниците подобро да ги разберат начините за користење на фондовите на ЕУ; во Турција, за да се унапредат познавањата на учесниците за напредните технологии на преработка; во Шведска и Чешката Република за да најдат нови пазари; 2) организирање на обуки за ИПАРД за да им се помогне на клиентите преработувачи и нивните консултанти да се запознаат со критериумите што треба да се исполнат за успешно добивање средства од фондовите на ИПАРД; 3) помош на клиентите преработувачи успешно да ги презентираат своите производи и да ги зголемат меѓународните продажби на трговските саеми какви што се Chicago Fancy Food Show во САД и Anuga во Келн, Германија, во последните три години, како и во Нови Сад, Србија; и 4) да им ги претстават своите производи на клиентите на HoReCa пазарите во Хрватска.

Овие активности ги надополнуваат петте проекти за деловен развој и зголемување на извозот на преработки на зеленчук што ги поддржа АгБиз за да им помогне на своите клиенти да бидат поконкурентни. Тоа пак има за резултат зголемување на нивниот удел на регионалните и европските пазари и им овозможува да започнат извоз за големите големопродажни и малопродажни ланци како Кауфланд и Групацијата Меркатор.

# Македонска асоцијација на преработувачи, партнер на АгБиз



**Сашо Ристески, Претставникот на МАП за ланецот на вредности на преработки од зеленчук на АгБиз**

Драги колеги и партнери,

МАП е трговско здружение што беше формирано во 2002, со основна цел унапредување и развој на индустријата за преработка на овошје и зеленчук, кое придонесува кон општиот економски развој и зголемување на вработеноста во Република Македонија. Асоцијацијата е неполитичка, непрофитабилна организација и е регистрирана во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации во Република Македонија. МАП е самоодржлива асоцијација на приватни фирми, со 28 членови кои се најголемите производители и извозници на преработки од овошје и зеленчук.

Основни активности на МАП се:

- зголемување на конкурентноста на македонските фирми за преработка на овошје и зеленчук;
- јакнење на потенцијалот на членовите на МАП да пристапат на странските пазари;
- Нивно информирање за пазарните трендови и технологии и правните прашања;
- координирање на деловните делегации и заеднички презентации на саеми;
- лобирање да се заштитат интересите на преработувачката индустрија;
- воспоставување деловна комуникација со странски компании и институции;
- јакнење на соработката со земјоделците и здруженијата на земјоделци; и
- соработка со приватните и јавните институции, деловната заедница и донаторските проекти што се активни во Македонија.

Бидејќи има искуство и знаење за ланецот на вредности на преработки од зеленчук во Македонија, МАП стана организација партнер на АгБиз. Оттогаш беа успешно спроведени повеќе заеднички активности поради што АгБиз во септември 2009 го назначи МАП да ги координира активностите на АгБиз за поддршка на ланецот на вредности на преработките од зеленчук. Членовите во ланецот на преработки од зеленчук сами одлучуваат каков вид на поддршка им е потребна од АгБиз.

Се надевам девам дека ова четвро издание на Билтенот на АгБиз за пазарни информации ќе генерира нови идеи и ќе ни помогне да оствариме резултати кои веруваме ќе и бидат од корист на вашата фирма!

# Унапредување на врските помеѓу фирмите за преработка на зеленчук и нивните примарни производители



**Производител на пиперки**



**Индустриски пиперки**



**Преработка на пиперки**

По успешната конференција на тема „Проблемите и перспективите во производството, преработката и извозот на пиперки во Република Македонија", во организација на АгБиз и Програмата за поддршка на советодавните услуги во македонското земјоделство (МААСП) и Проектот за поддршка на здруженијата на земјоделци (СФАРМ) во јануари 2009, една година подоцна АгБиз, МАП и Федерацијата на фармери на Република Македонија (ФФРМ) организираа тркалезна маса во Скопје со фокус на врските меѓу фирмите што преработуваат зеленчук и нивните примарни производители, како и мерките на политиката на МЗШВ.



**Борис Алексиев, Претседател на МАП (лево); г. Перица Ивановски, Заменик министер во МЗШВ (центар) и Васко Хаџиевски, Менаџер на АгБиз за институционални реформи и политики**

Бидејќи АгБиз има активна улога во развивањето на ланецот на вредности на преработки од зеленчук и верува дека воспоставувањето стабилен дијалог меѓу учесниците во процесот е основен предуслов за намалување и/или елиминирање на постојните проблеми со набавките на суровини и конкурентноста на вредносниот ланец, на оваа тркалезна маса присуствуваа сите релевантни учесници во ланецот и разговараа за тековните проблеми во однос на меѓусебната соработка, идентификувајќи ги можностите за подобрување на соработката, на пр. договорното земјоделско производство, и можностите за дополнителна поддршка на овој процес преку субвенциите од МЗШВ.

Низ конструктивната дискусија на работилницата стана јасно дека:

- Воспоставувањето на успешна соработка и одржливи врски меѓу преработувачите и производителите со активно учество и поддршка на МЗШВ може да поттикне значително поширока употреба на договорното производство меѓу производителите и преработувачите, и да ги намали честите недостатоци односно вишоци на суровини за одредени земјоделски производи, какви што имаше во минатото;
- Договорите за производство се стандардна практика во земјите со развиен земјоделски сектор, и истите доколку се применат тука, ќе ја подобрат конкурентноста на македонските учесници во ланецот на вредности на преработките од зеленчук, и на производителите како и на преработувачите;
- Учесниците ја разбраа тековната политика на МЗШВ, преработувачите го изразија својот интерес за подобрување на соработката со примарните производители, а во исто време производителите ја изразија својата подготвеност да го поддржат договорното земјоделско производство. МЗШВ се согласи да го води и координира овој процес и да организира втора средба (која се одржа на 29 март) на која подетално се дискутираше и воедно се идентификуваа следните активности.

На настанот присуствуваа 35 учесници, меѓу кои и претставници на фирмите преработувачи на зеленчук, здруженијата и синдикатите на земјоделци, МЗШВ, Факултетот за земјоделски науки и храна и АгБиз програмата на УСАИД.

# Пазарни информации за извозот на преработки од зеленчук од Македонија

Според податоците што ги добивме од МАП, вкупната количина на преработки од зеленчук и овошје (ајвар, лутеница, печени пиперки, пиперки во оцет, мешана салата и тн.) од Македонија во 2009 изнесуваше 33.557.205 кг. во вредност од над 39 мил. Евра.

Најголемиот дел од вкупниот извоз, 21 мил.Евра или 54%, се однесува на поранешните југословенски пазари (види слика 1), а помалиот (18,5 мил. Евра или 46%) на прекуокеанските земји како Австралија, САД, Швајцарија, Канада, Албанија, Норвешка, Русија и Украина.

Србија и понатаму е најгоемиот увозник на македонски преработки од зеленчук и овошје, со 33% од вкупната вредност на извозот, а по неа следат Хрватска (22%), Босна и Херцеговина и Црна Гора со по 11% и Косово со 7,8%.

**Слика 1. Вредност на извозот на преработки од овошје и зеленчук во евра во земји надвор од ЕУ**




Извор: Македонска асоцијација на преработувачи (МАП)

На слика 2, се прикажани петте најголеми европски увозници на преработки од зеленчук и овошје. Италија, со 36,8% од вкупната вредност на извозот надвор од поранешните југословенски земји, е најголем извозник на македонски производи од преработен зеленчук и овошје од сите 19 земји во кои македонските извозници на преработки од зеленчук ги продаваат своите производи. Германските клиенти увезуваат 17% од вкупната вредност, а клиентите од Франција, Словенија и Грција по 9%.

**Слика 2. Вредност на извозот на преработки од овошје и зеленчук во евра во земјите на ЕУ**




Извор: Македонска асоцијација на преработувачи (МАП)











# Македонските извозници изложуваа преработки од зеленчук на најголемиот светски трговски саем за храна

Преку својата АгБиз програма, УСАИД поддржа единаесет македонски извозници на преработки од зеленчук меѓу кои и Бонум Плус, Випро, Техноалат Комерц, Универзал-промет, Дентина, Ксенос, Ларс, Дим Комерц, Медиум експорт и Алтра, да ги изложат своите производи на меѓународниот трговски саем за храна и пијалоци „Анугa 2009“ што се оддржа од 10 до 14 октомври 2009, во Келн, Германија.

*„Ова е наше четврто учество на овој важен меѓународен трговски саем. АНУГА е основната платформа за комуникација и набавки за фирмите што работат со храна во Европа, и затоа е од особена важност за македонските преработувачи на зеленчук. Последниот саем го посетија повеќе од 160.000 лица од 174 земји, а оваа година на АНУГА изложуваа 6.522 добавувачи од 97 земји со најголем опфат на прехранбени производи и пијалоци во светот. АНУГА опфаќа десет специјалзиирани трговски саеми.“*, рече Сашо Ристески, Претставникот на МАП за синџирот на вредност на преработки од зеленчук на АгБиз.

Македонските преработувачи биле позиционирани во просториите на сала бр. 1 (деликатеси) и сала бр. 4 (замрзната храна). Просечниот број деловни контакти по фирма изнесуваше 85, од кои 5 - 10% беа сериозни, со потенцијал за склучување деловни договори. На саемот се идентификуваа 24 нови клиенти. Поголемиот број деловни контакти се направени со увозници/дистрибутери од Германија, САД, Канада, Австралија, Австрија, Франција, Швајцарија, Србија, Црна Гора, Шведска, Русија и Хрватска.
Директен резултат од трговскиот саем Ануга се новите нарачки за производи од преработен зеленчук од клиенти со седишта во Романија, Босна и Херцеговина, Шведска, Германија, Унгарија, Холандија, Хрватска и Словенија во вредност од над 2 мил. УСД.
Вкупниот трошок за трговскиот саем изнесуваше 112.044 УСД, а АгБиз учествуваше со 8%.




**Претставници од фирмите на македонскиот штанд на Ануга**

# Македонски извозници на преработки од зеленчук во посета на Чешката Република



Дегустација на македонски производи на промотивниот настан во Чешка

Во партнерство со МАП, АгБиз програмата на УСАИД поддржа десет македонски фирми, преработувачи на зеленчук и овошје, да посетат неколку малопродажни маркети во Прага и нејзината околина, меѓу кои и Tesco, Makro, Billa и Globus. Студиската посета на Чешка се одржа од 26 до 29 јануари. Најголемите македонски извозници на преработки од пиперки ја имаа таа можност да ги идентификуваат најрелевантните производи, цените, видот на амабалажата, начинот на етикетирање; да ги презентираат своите производи на настанот што беше организиран во соработка со македонската амбасада во Прага; и потоа да се сретнат со потенцијалните клиенти и да разговараат за можностите за продажба.

По настанот, 40-те учесници и потенцијални клиенти имаа можност да ги вкусат производите и да чујат од македонските претставници како ги произведуваат своите производи , како истите се консумираат и кои суровини и технологии се применуваат во производниот процес. На настанот присуствуваа и увозници на храна од Чешката Република, чешко-македонската стопанска комора и трговци со македонско потекло заинтересирани да започнат увоз на македонски производи од преработен зеленчук.

*„Ова беше првиот професионално организиран настап на македонските преработувачи на зеленчук на чешкиот пазар. Многу сме задоволни што имавме можност да ги претставиме домашниот ајвар и лутеницата, и да чуеме толку позитивни коментари за нашите производи. За македонските производи од преработен зеленчук, чешкиот пазар е добра можност за истражување“,* рече г-дин Славчо Јорданов, сопственик на фирмата КИМ.

Вкупниот трошок за трговскиот саем изнесуваше 16.243 УСД, а уделот на АгБиз беше 38%.

## Значајни настани

- **Овошје и зеленук од Украина, изложба и конференција 1-3 декември 2010**

http://www.biztradeshows.com/trade-events/fruit-vegetable-ukraine.html

- **Светски конгрес за домати и симпозиум на ISHS во Есторил, Португалија 20-23 јуни 2010**

http://www.wptc2010.com/exhibition.php

- **Саем за прехрамбени производи и опрема на Тајван, 26-29 ноември 2010**

http://www.biztradeshows.com/trade-events/taiwan-foodproducts-equipment.html

- **Трговски саем во Ануга, 8-12 октомври 2011**

## Преглед на вертикалното поврзување низ ланците на вредности на АгБиз

Во март 2010, АгБиз изработи „Оценка на употребата на вертикалните поврзувањата на учесниците во ланците на вредности на АгБиз“ за да се идентификуваат научените лекции, најдобрите практики и конкретните идни активности кои ќе го поддржат создавањето на оддржливи врски меѓу клиентите на АгБиз и нивните производители.

За изработка на оценката се интервјуираа претстаници од 27 субјекти, меѓу кои преработувачи, трговци, коопеаранти, извозници и повеќе различни производители во ланците на вредност во кои е активна програмата АгБиз. Беше разговарано со двете страни во договорното производство за да се обезбедат повратни информации за сите аспекти на договорното производство.

Извештајот изобилува со многу детални анализи. За да ги запознаеме нашите читатели со резултатите од Оценката, овде ќе претставиме неколку суштински заклучоци.

Македонските производители, ги вклучуваат индивидуалните, мали земјоделци што произведуваат за сопствени потреби (80%) и правни субјекти (20%). Во земјата има 192.378 индивидуални земјоделски стопанства со вкупно 476.613 членови кои се делумно или целосно ангажирани во земјоделското производство.

Договорното земјоделско производство и беше добро познато на Македонија во претходниот централизиран плански систем и не претставува новост за македонските производители и некои нивни купувачи. Во последните 10 години се направени многу обиди за повторно воведување на договорното земјоделско производство. Дел од нив завршија со многу неисполнувања.

За сите култури, 68% од договорите за откуп со производителите се вербални, во 23% од случаите не постои договор, а само во 9% од случаите се користат пишани договори. Од малкуте пишани договори, 88% се за откуп на суровини од страна на преработувачите, а само 12% за свежи производи за конзумирање. 75% од пишаните договори се склучуваат меѓу преработувачите и нивните производители. Винското грозје, пиперките и краставичките се култури што се најчесто опфатени со пишани договори. Понапредните и претприемачки ориентираните купувачи ги поддржуваат производителите со информации за кредити и се флексибилни во соработката со своите производители.

75% од купувачите изразија незадоволство од непридржувањето на производтелите кон одредбите за квалитет, содржани во договорите за производство. 87% од производителите и 69% од купувачите се согласуваат дека преработувачите не се придржуваат кон условите за плаќање договорени во договорот за производство. Од оваа произлегува дека, постои голема потреба за подобрување и во содржината на договорите за производство и во исполнувањето на склучените договори.

Во моментот државата нема значајна улога во договарањето и спроведувањето на договорените обврски, ниту пак во решавањето на многуте спорови поврзани со договорното производство. Сепак во последните две години расте интересот на МЗШВ, особено во врска со субвенциите од државата.

Оценката содржи листа на препораки за интервенции од страна на АгБиз за зајакнување на договорното производство и за тоа како МЗШВ може да преземе активна улога во зголемувањето на договорното производство и регулирање на обврските меѓу договорните страни.

Целиот извештај можете да го превземете од нашата Интернет-страница:
www.agbiz.com.mk


**АгБиз Програма на УСАИД (АгБиз)**

**Иво Лола Рибар 57 / 3, II спрат, Скопје, Македонија**
**Тел: +389 (0)2 321 7060; Факс: +389 (0)2 321 3605 www.agbiz.com.mk**



Овој Билтен го изготви АгБиз програмата на УСАИД, со поддршка од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД). Ставовите искажани во овој билтен не ги изразуваат ставовите на УСАИД и Владата на САД.